**З А П И С Н И К**
**од 61-та седница на Советот на Општина Велес**
**која се одржа на 26.02.2025 година**

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 17 члена на Советот.

Потоа ја отвори 61-та седница на Советот на Општина Велес, која започна во 10:00 часот.

Пред да го прочита предложениот дневен ред, претседателот ги стави на расправа Записникот од 60-тата седница на Советот на Општина Велес.

За расправа немаше пријавено никој и записникот се стави на гласање, по гласањето се утврди дека од 17 присутни со 17 гласа „за“ беше усвоен записникот од 60-тата седница на Советот на Општина Велес.

Претседателот на Советот ги прочита точките кои се предложени во следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024г. до 31.12.2024г.
2. Предлог – одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година
3. Предлог – одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година;
4. Предлог – одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар, сопственост на Општина Велес;
5. Извештај (квартален и кумулативен) за финансиското работење на ЗЈП Стационар Шепа – Кавадарци за период од 01.07.2024 до 31.12.2024 год;
6. Предлог - одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен инвертер клима уред за 2025 година;
7. Предлог- одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2025 година;
8. Предлог - одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2025 година;
9. Предлог – решение за давање согласност на Измена на годишен план за вработување на Општина Велес за 2025 година;
10. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за давање на времено користење на просторија од објект сопственост на Општина Велес;
11. Предлог - одлука за утврдување начин на давање во закуп објект, сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање (Градски базен).
12. Предлог – одлука за утврдување начин на давање во закуп на деловни простории од објект „Градски пазар“ Велес;
13. Предлог - одлука за давање на трајно користење деловни простории од објект „Градски пазар“ Велес на ЈКП ,,Дервен” Велес;
14. Предлог –План за работа на ЈКП ,,Дервен Велес
15. Предлог –решение за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на бруто платата на вработените во ЈКП ,,Дервен Велес кои имаат статус на административни службеници
16. Предлог –решение за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на бруто платата на вработените во ЈКП ,,Дервен Велес кои имаат статус на даватели на јавна услуга и помошно технички лица
17. Годишен извештај за реализација на Оперативната програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на Општина Велес за 2024 година;

18. Годишен извештај за реализација на Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2024 година;
19. Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес за 2024 година;
20. Извештај за работата на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Велес за 2024 година;
21. Предлог – годишна програма на „Младински центар“ Велес за 2025 година;
22. Предлог – програма за работа со финансиски план за 2025 година на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
23. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2025 година;
24. Предлог – решение за престанок на мандат на членови во Комисијата за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“;
25. Предлог – решение за именување на членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ за 2025 година;

Претседателот ги извести советниците дека од Градоначалникот Марко Колев доставено е известување со бр. 08-1280/3 од 25.02.2025 година за дополнување на дневниот ред за 61-та седница со следните точки по итна постапка и даде образложение за итноста на предложените точки и тоа:

1.Предлог – Решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес во 2025 година;

Се премина кон гласање и по гласањето се констатира дека од 18 присутен, со 18 гласа „за'' предложената точка станува дел од Дневниот ред за денешната седница под реден број 2.

2. Предлог – програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2025 година. Се премина кон гласање и по гласањето се констатира дека од 17 присутен, со 17 гласа „за'' предложената точка станува дел од Дневниот ред за денешната седница под реден број 3.

Димитар Абрашев побара да се дополни дневниот ред со точка извештај за состојбата на мостот кај Башино село.

Претседателот даде дополнително објаснување дека нема нови информации и дека не би имало цел да се става на оваа седница.

По ова,советникот Димитар Абрашев го повлече предлогот за дополнување на дневен ред.

Марјанчо Николов побара да се дополни дневниот ред со две точки:

1.Доставување информација за преземени активности за Комисијата за следење на состојба на езерото Младост.

По појаснување од страна на Претседателот и Градоначалникот дека општината ги нема инфорамциите од другите инволвирани институции, Марјанчо Николов го повлече својот предлог.Се констатираше дека на некоја од наредните седници да се стави на дневен ред.

2. Иницијатива за отпочнување на постапка за прогласување на културните манифестации „Рацинови средби“ и „Детски Рацинови средби“ во установа од национален карактер.

Овој предлог се прифати и се стави како дополнителна точка на дневниот ред.

Дневниот ред со дополнителните точки се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 17 присутни членови на СОВ со 17 гласа „за“ , беше усвоен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024г. до 31.12.2024г.
2. Предлог –решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година;
3. Предлог –програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2025 година;
4. Предлог – одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година;
5. Предлог – одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година;
6. Предлог – одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар, сопственост на Општина Велес;
7. Извештај (квартален и кумулативен) за финансиското работење на ЗЈП Стационар Шепа – Кавадарци за период од 01.07.2024 до 31.12.2024 год;
8. Предлог - одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен инвертер клима уред за 2025 година;
9. Предлог- одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2025 година;
10. Предлог - одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2025 година;
11. Предлог – решение за давање согласност на Измена на годишен план за вработување на Општина Велес за 2025 година;
12. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за давање на времено користење на просторија од објект сопственост на Општина Велес;
13. Предлог - одлука за утврдување начин на давање во закуп објект, сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање (Градски базен).
14. Предлог – одлука за утврдување начин на давање во закуп на деловни простории од објект „Градски пазар“ Велес;
15. Предлог - одлука за давање на трајно користење деловни простории од објект „Градски пазар“ Велес на ЈКП ,,Дервен” Велес;
16. Прелог –План за работа на ЈКП ,,Дервен Велес во 2025 година;
17. Предлог -решение за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на бруто платата на вработените во ЈКП ,,Дервен Велес кои имаат статус на административни службеници;
18. Предлог -решение за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на бруто платата на вработените во ЈКП ,,Дервен Велес кои имаат статус на даватели на јавна услуга и помошно технички лица;
19. Годишен извештај за реализација на Оперативната програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини за 2024 година;
20. Годишен извештај за реализација на Оперативната програма за одржување на јавно зеленило на територијата на Општина Велес за 2024 година;
21. Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес за 2024 година
22. Извештај за работата на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Велес за 2024 година;
23. Предлог – годишна програма на „Младински центар“ Велес за 2025 година;
24. Предлог –програма за работа со финансиски план за 2025 година на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи’’ Велес

25. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2025 година;
26. Предлог – решение за престанок на мандат на членови во Комисијата за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“;
27. Предлог – решение за именување на членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ за 2025 година;
28. Иницијатива за отпочнување на постапка за прогласување на културните манифестации „Рацинови средби“ и „Детски Рацинови средби“ во установа од национален карактер.

Се премина кон расправа на точките

**ТОЧКА 1. Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024г. до 31.12.2024г.**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со прашање и дискусија се јавија:Елизабета Митревска Анѓелеска,Марјанчо Николов,Игор Смилев,Трајче Миланов.
Одговри Градоначалник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 18 присутни, со 11 гласа „за'' и 3 „против“ и 4 гласа ,,воздржан'', се усвои Кварталниот извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024г. до 31.12.2024г.

**ТОЧКА 2. Предлог – решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес во 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 18 присутни, со 18 гласа „за''се донесе Решението за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес 2025 година.

**ТОЧКА 3. Предлог – програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој за 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 18 присутни, со 17 гласа „за'', 1 глас „воздржан" се донесе Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој за 2025 година.

**ТОЧКА 4. Предлог – одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со прашање и дискусија не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 18 присутни, со 17 гласа „за'', 1 глас „воздржан" се донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година.

**ТОЧКА 5. Предлог – одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа  се јави Марјанчо Николов

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 14 гласа „за'' и 6 гласа „воздржан" се донесе Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година.

**ТОЧКА 6. Предлог – одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар, сопственост на Општина Велес**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со прашање и дискусија се јавија:Марјанчо Николов.
Одговор на поставеното прашање даде овластениот преставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 17 присутни, со 14 глас „за'' и 3 „воздржан" се донесе Одлуката за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар, сопственост на Општина Велес.

**ТОЧКА 7. Извештај (квартален и кумулативен) за финансиското работење на ЗЈП Стационар Шепа – Кавадарци за период од 01.07.2024 до 31.12.2024 год**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката Снежана Гинева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со прашање и дискусија се јавија:Марјанчо Николов,Игор Смилев,Трајче Миланов и Елизабета Митревска Анѓелеска

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутни, со 12 гласа „за'' и 9 „воздржан" се усвои Извештајот (квартален и кумулативен) за финансиското работење на ЗЈП Стационар Шепа – Кавадарци за период од 01.07.2024 до 31.12.2024 год.

**ТОЧКА 8. Предлог - одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен инвертер клима уред за 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа со прашање и дискусија се јавија: Катерина Ефремова и Маргица Урумова
Одговор на поставеното прашање даде овластениот преставник Петре Цилаков.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за'' се донесе Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен инвертер клима уред за 2025 година.

**ТОЧКА 9. Предлог- одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа со прашање и дискусија не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутен, со 20 гласа „за'' се донесе Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2025 година.

**ТОЧКА 10. Предлог - одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа со прашање и дискусија не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 гласа „за'' се донесе Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2025 година.

**ТОЧКА 11. Предлог – решение за давање согласност на Измена на годишен план за вработување на Општина Велес за 2025 година**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на секретарот на Општина Велес, Марија Чатмова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со прашања и дискусија се јавија: Маргица Урумова.
Одговор на поставените прашања даде секретарот-Марија Чатмова.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутни, со 12 гласа „за" 3 „против" и 6 „воздржан" се донесе Решението за давање согласност на Измена на годишен план за вработување на Општина Велес за 2025 година.

**ТОЧКА 12. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за давање на времено користење на просторија од објект сопственост на Општина Велес**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со прашања и дискусија не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека дека од 21 присутни, со 21 гласа „за" се донесе Одлуката за изменување на Одлуката за давање на времено користење на просторија од објект сопственост на Општина Велес (МВР).

**ТОЧКА 13. Предлог - одлука за утврдување начин на давање во закуп објект, сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање (Градски базен)**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Марија Чатмова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со прашања и дискусија се јавија: Маргица Урумова,Марјанчо Николов и Александар Кукулев.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник Марија Чатмова

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 18 гласа „за" и 1 глас „Воздржан" се донесе Одлуката за утврдување начин на давање во закуп објект, сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање (Градски базен).

**ТОЧКА 14. Предлог – одлука за утврдување начин на давање во закуп на деловни простории од објект „Градски пазар“ Велес**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Славче Велков и Снежана Дервишова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со прашања и дискусија не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 18 присутни, со 18 гласа „за“ се донесе Одлуката за утврдување начин на давање во закуп на деловни простории од објект „Градски пазар“ Велес.

**ТОЧКА 15. Предлог - одлука за давање на трајно користење деловни простории од објект „Градски пазар“ Велес на ЈКП ,,Дервен” Велес**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Славче Велков и Снежана Дервишова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со прашања и дискусија не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 18 присутни, со 18 гласа „за“ се донесе Одлуката за давање на трајно користење деловни простории од објект „Градски пазар“ Велес на ЈКП ,,Дервен” Велес.

**ТОЧКА 16. Предлог –План за работа на ЈКП ,,Дервен’’ Велес за 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе Извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на претставник на ЈКП „Дервен“- Васил Николов беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа се јави:Маргица Урумова.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 14 присутни, со 11 гласа „за“ ,1 гласа „против“ и 2 „воздржан“ се усвои Планот за работа на ЈКП ,,Дервен’’ Велес.

**ТОЧКА 17. Предлог–решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на бруто платата на вработените на ЈКП ,,Дервен’’ Велес кои имаатт статус на административни службеници**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе Извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на претставник на ЈКП Дервен-Васил Николов беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 14 присутни, со 14 гласа „за" се донесе Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на бруто платата на вработените на ЈКП ,,Дервен'' Велес кои имаатт статус на административни службеници.

**ТОЧКА 18. Предлог –решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на бруто платата на вработените на ЈКП ,,Дервен'' Велес кои имаатт статус на даватели на јавна услуга и помошно технички лица**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе Извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на претставник на ЈКП „Дервен", Васил Николов беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 14 присутни, со 14 гласа „за" се донесе Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на бруто платата на вработените на ЈКП ,,Дервен'' Велес кои имаат статус на даватели на јавна услуга и помошно технички лица.

**ТОЧКА 19. Годишен извештај за реализација на Оперативната програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на Општина Велес за 2024 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе Извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на претставник на ЈКП Дервен-Татјана Петровска беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 15 присутни, со 15 гласа „за" се усвои Годишниот извештај за реализација на Оперативната програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини за 2024 година.

**ТОЧКА 20. Годишен извештај за реализација на Оперативната програма за одржување на јавно зеленило на територијата на Општина Велес за 2024 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе Извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на претставник на ЈКП Дервен-Татјана Петровска беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа се јави: Тодор Јаковлев .

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 15 присутни, со 15 гласа „за“ се усвои Годишниот извештај за реализација на Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2024 година.

**ТОЧКА 21. Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес за 2024 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе Извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на претставникот на ЈКП Дервен, Ване Велиновски беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 15 присутни, со 15 гласа „за“ се усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес за 2024 година.

**ТОЧКА 22. Извештај за работата на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Велес за 2024 година**

Менка Андреева, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе Извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Збор зема Менка Андреева.
Се отвори расправа.
За расправа се јави Маргица Урумова.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се усвои Извештајот за работата на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Велес за 2024 година.

**ТОЧКА 23. Предлог – годишна програма на „Младински центар“ Велес за 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Менка Андреева, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе Извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Игор Стојанов, претседател на Комисијата за спорт и млади, поднесе Извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на претставникот на „Младински центар“ Велес, Ивана Јордева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа се јавија: Марјанчо Николов, Менка Андреева, Маргица Урумова и Александар Кукулев.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се усвои Годишната програма на „Младински центар“ Велес за 2025 година.

**ТОЧКА 24. Предлог – програма за работа со финансиски план за 2025 година на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Игор Стојанов, претседател на Комисијата за спорт и млади, поднесе Извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес, Зоран Јаневски беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа се јави: Трајче Миланов.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 19 гласа „за“ се усвои Програмата за работа со финансиски план за 2025 година на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.

**ТОЧКА 25.Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2025 година**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес, Зоран Јаневски беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа се јави Маргица Урумова.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 12 гласа „за“ и 8 гласа „воздржан“ се донесе Решението за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2025 година.

**ТОЧКА 26. Предлог – решение за престанок на мандат на членови во Комисијата за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова се констатира престанок на мандатот на: Фаик Мефаиловски, Благојчо Стојанов и Слободанка Чичевска од членови во Комисијата за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“.

**ТОЧКА 27. Предлог – решение за именување на членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ за 2025 година**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 16 присутни, со 13 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Решението за именување на членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ за 2025 година со кое се именуваат:

**ТОЧКА 28. Иницијатива за отпочнување на постапка за прогласување на културните манифестации „Рацинови средби“ и „Детски Рацинови средби“ во установа од национален карактер.**

Од страна на подностелот на иницијативата Марјанчо Николов беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа се јави: Марјанчо Николов,Игор Смилев, Маргица Урумова,Александар Кукулев, Тодор Јаковлев и Коста Нојков.
Одговор даде Анита Пивкова.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 16 присутни, со 16 гласа „за“ се прифати Иницијатива за отпочнување на постапка за прогласување на културните манифестации „Рацинови средби“ и „Детски Рацинови средби“ во установа од национален карактер.

Иницијативата се прифаќа со заклучок и се задолжува Општина Велес да го достави до Министерство за култура и туризам.

Седницата беше закажана за во 09:30 часот, започна со работа во 10:00, а заврши во 17:05 часот.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 25-
2025 година
Велес